**Влада на Република Северна Македонија**

Дата: **25 март 2025 година**
Архивски број: **50-3361/3**
До: **Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 25 март 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

Подготвил: Тања Поповска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Влада на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и<br><br>д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт |
| ПОВЕРЕНИК: | д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт |

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги, по скратена постапка

Скопје, април 2025 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Имајќи во предвид последните трагични случувања во еден објект, односно дека истиот бил изграден за една категорија и не се направило негова пренамена за вршење на друга дејност, а со тоа и не се приспособил истиот за соодветната неговата намена, се има за цел вршење на почести контроли на сите иматели на лиценци, дозволи и одобренија односно овластувања. Имено согласно досегашните законски решенија Министерството за транспорт врши редовна контрола на иматели на издадени дозволи согласно овој закон, со цел дали истите постојано ги исполнуваат условите потребни за стекнување на тие дозволи, меѓутоа истото се врши на ад хок субјекти согласно претходно утврден план имајќи во предвид дека се издаваат многу лиценци, одобренија, дозволи или овластувања од страна на Министерството. Затоа се има за цел да се предвиди законска обврска двапати годишно да се врши таа проверка на сите иматели на дозволи издадени согласно овој Закон. Тоа секако не ја исклучува можноста да се вршат повеќе контроли односно почести од предвидените со закон, се со цел обезбедување на квалитетни услуги и сигурноста на граѓаните кои се корисници на тие услуги од лицата иматели  на дозволи.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Основни цели на Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги е воведување на зачестена контрола по службена должност на сите иматели на дозволи издадени согласно Законот за гробишта и погребални услуги.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги не предизвикува дополнителни финаниски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и спроведувањето на законот не повлекува дополнителни материјални обврски за одделни субјекти.

## V.СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРОБИШТА И ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/08, 156/10, 53/11, 163/13, 152/15, 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.255/24) во член 16 ставот (1) се менува и гласи:

„Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи по службена должност врши редовна контрола, а најмалку двапати годишно над сите дозволи за управување со гробишта, дали управителите на гробишта ги исполнуваат сите услови врз основа на кои им е издадена дозволата. Ако се утврди дека управителот на гробиштата престанал да исполнува некои од условите од членот 15 став (1) од овој закон, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи ќе го извести управителот на гробиштата, истите да ги отстрани во рок не подолг од 30 дена од денот на известувањето.“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Дозволата се одзема со решение на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи, против кое може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.“

Ставот (5) се менува и гласи:

„Правното лице чија дозвола е одземена, должно е истата да ја врати веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на приемот на решението за одземање на дозволата, на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.“

Во ставот (6) зборовите „Правосилното решение“ се заменуваат со зборот „Решението“, а зборовите „правосилното решение“ се заменуваат со зборот „решението“ .

Член 2

Во член 21 во ставот (6) зборовите „да поведе управен спор пред Управниот суд“ се заменуваат со зборовите „да изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.“

Ставот (7) се менува и гласи:

„Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи по службена должност врши редовна контрола, а најмалку двапати годишно над сите дозволи за вршење на погребални услуги, дали лицата кои се стекнале со дозвола за вршење на погребални услуги ги исполнуваат сите услови врз основа на кои им е издадена дозволата. Операторот на погребални услуги мора во секое време да ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, во спротивно неисполнувањето на кој било од условите на ставот (1) од овој член претставува основ за одземање на дозволата за вршење на погребални услуги.“

Во ставот (9) зборовите „ поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за одземање на дозволата“ се заменуваат со зборовите „изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.“

Ставот (10) се менува и гласи:

„Физичкото или правното лице чија дозвола е одземена е должно да ја врати истата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на приемот на решението за одземање на дозволата.“

Во ставот (11) зборовите „Правосилното решение“ се заменуваат со зборот „Решението“, а зборовите „правосилното решение“ се заменуваат со зборот „решението“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРОБИШТА И ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги е систематизиран во 3 члена.

Со членот 1 се прави измена на членот 16 од Законот каде е уредено одземањето на дозволата за управување со гробишта, во смисла на дополнување на одредбата со прецизирање на вршењето на редовна проверка односно контрола двапати годишно, по службена должност од страна на Министерството на сите издадени дозволи од аспект на тоа дали правните лица кои се стекнале со дозвола за управување со гробишта, ги исполнуваат условите за издавање на таа дозвола.

Исто така се предвидува и жалбена постапка, наместо само управен спор, при што во Регистарот на издадени и одземени дозволи се евидентира конечното решение и со тоа се врши одземањето, а правното лице има право на жалба.

Со членот 2 се врши измена на член 21 од Законот, така што и во овој член се допрецизираат одредбите со вршење на редовна проверка односно контрола двапати годишно по службена должност од страна на Министерството на сите дозволи односно дали правните лица кои се стекнале со дозвола за вршење на погребални услуги ги исполнуваат сите услови, како и наместо само управен спор се предвидува и жалбена постапка која не го одлага извршувањето на решението за одземање на дозволата.

Со членот 3 се уредува влегувањето во сила на Предлогот на законот.

## МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој предлог закон се меѓусебно поврзани и се надополнуваат и како такви прават една правна целина.

## II. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија пред се ќе се овозможи правна сигурност на граѓаните, како и ќе се поттикнат имателите на дозволи постојано да ги исполнуваат условите за стекнување со дозвола согласно овој закон, со оглед дека контролите ќе се вршат најмалку двапати годишно.

## ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ГРОБИШТА И ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ, КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ ИЛИ ДОПОЛНУВААТ

### Член 16

(1) Ако се утврди дека управителот на гробиштата престане да исполнува некои од условите од членот 15 став (1) од овој закон, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи ќе го извести управителот на гробиштата, истите да ги отстрани во рок не подолг од 30 дена од денот на известувањето.

(2) Дозволата се одзема ако управителот на гробиштата:

1) престане да исполнува кој било од условите од членот 15 став (1) на овој закон, освен условот од членот 15 став (1) точка 5 на овој закон и

2) не ги отстрани недостатоците во рокот од ставот (1) на овој член.

(3) Правно лице носител на дозвола за управување со гробишта која е одземена поради неисполнувањето на кој било од условите од членот 15 став (1) од овој закон не може да добие дозвола за вршење на истите работи за кои се однесува одземената дозвола во рок од една година од денот на правосилноста на решението за одземање на дозволата.

(4) Дозволата се одзема со решение на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи, против кое правното лице може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за одземање на дозволата.

(5) Правното лице чија дозвола е одземена е должно да ја врати истата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи во рок од осум дена од денот на правосилноста на решението за одземање на дозволата.

(6) Правосилното решение за одземање на дозвола се евидентира во Регистарот за издадени и одземени дозволи од членот 15 став (6) од овој закон. Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи правосилното решение за одземање на дозволата го доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија заради евидентирање на забраната од ставот (3) на овој член.

### Член 21

(1) Физичко или правно лице за да добие дозвола за вршење на погребални услуги поднесува барање и треба да ги исполнува следниве услови:

1) да има живеалиште, односно седиште во Република Северна Македонија;

2) да е регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија за вршење на дејност на погребални и придружни активности;

3) да не е поведена стечајна постапка или постапка за ликвидација;

4) одговорното лице или член на органот на управување на правното лице, односно физичкото лице да не е правосилно осудено за кривично дело во јавните финансии, платниот промет и стопанството или кривични дела против работните односи, додека

траат последиците од пресудата или да не му е изречена прекршочна санкција забрана на вршење на дејноста во траење од една или повеќе години;

5) финансиски да е способно, односно своите сегашни и идни обврски, под нормални услови за работење да може да ги исполнува во период од 12 месеца што се докажува со документ за економска и финансиска способност издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

6) да е осигурен во осигурително друштво и да приложи писмен доказ за способноста за надоместување на евентуална штета настаната по однос на одговорноста во вршењето на неговата дејност во согласност со закон;

7) да има најмалку три вработени лица од кои две лица за вршење на погребување и да поседува соодветна техничка опрема.

8) да не поседува дозвола за управување со гробишта.

(2) Овластеното службено лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи кое ја води постапката за издавање на дозвола за вршење на погребални услуги е должно доказите од ставот (1) точки 1), 2), 3), 4), 5) и 8) на овој член, како и доказот за исполнување на условот-број на вработени, да ги побара од надлежниот јавен орган во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(3) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите од ставот (2) на овој член е должно истите да ги достави до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(4) Техничката опрема за вршење на дејноста од ставот (1) точка 7 на овој член ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

(5) Дозволата од ставот (1) на овој член ја издава органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи со рок на важење од пет години со можност за нејзино продолжување на секои пет години, доколку операторот на погребални услуги ги исполнува условите пропишани со овој закон. Барањето за продолжување се поднесува шест месеца пред истекот на рокот на важење на дозволата.

(6) Доколку органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи донесе решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола, подносителот на барањето има право да поведе управен спор пред Управниот суд".

(7) Операторот на погребални услуги мора во секое време да ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, во спротивно неисполнувањето на кој било од условите на ставот (1) од овој член претставува основ за одземање на дозволата за вршење на погребални услуги.

(8) Физичко или правно лице носител на дозвола за вршење на погребални услуги која е одземена поради неисполнувањето на кој било од условите од ставот (1) на овој член не може да добие дозвола за вршење на истите работи за кои се однесува одземената дозвола во рок од една година од денот на правосилноста на решението за одземање на дозволата.

(9) Дозволата се одзема со решение на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи, против кое физичкото или

правното лице може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за одземање на дозволата.

(10) Физичко или правно лице чија дозвола е одземена е должно да ја врати истата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи во рок од осум дена од денот на правосилноста на решението за одземање на дозволата.

(11) Правосилното решение за одземање на дозвола се евидентира во Регистарот за издадени и одземени дозволи од ставот (14) на овој член. Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи правосилното решение за одземање на дозволата го доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија заради евидентирање на забраната од ставот (8) на овој член.

(12) Операторот на погребални услуги не може да ја пренесе дозволата за вршење на погребални услуги на друго физичко или правно лице.

(13) Доколку операторот на погребални услуги го отуѓи возилото за вршење на погребални услуги, или купи друго возило за вршење на погребални услуги е должен во рок од три дена да го извести органот што ја издал дозволата за вршење на погребални услуги.

(14) За издадените и одземените дозволи за вршење на погребални услуги органот на државната управа од ставот (3) на овој член води регистар кој постојано се ажурира и се објавува на неговата веб страница.

(15) Формата и содржината на образецот на барањето и потребната документација, формата и содржината на образецот на дозволата за вршење на погребални услуги, начинот на издавање и одземање на дозволата, како и формата и содржината на регистарот за издадени и одземени дозволи за вршење на погребални услуги ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.